**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од првото продолжение на 94-тата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јуни 1998 година**

**Скопје, јуни 1998 година**

**94 седница прво продолжение, одржана на 17 јуни 1998 год.**

**Дискутанти:**

1. АРСОВСКИ БРАНКО 25, 27;
2. БЕЛЧЕВСКИ РУБИНЧО 18, 19;
3. БАЈРАМ АМДИ 11;
4. ВЕЈСЕЛИ ЏЕМАИЛ 4;
5. КОЦЕВСКИ АЦЕ 28;
6. ЛАЗАРОВ ЈОВАН 16;
7. МИНОВ ПАНЧО 21;
8. МАРК0ВСКИ РИСТО 7, 8;
9. МАЛИЧИ НАЗМИ 8;
10. ПЕТКОВСКИ ТИТО (води сед.) 1;
11. РАМАДАНИ САЛИ 2, 9, 10;
12. ТОДОРОВА СОФИЈА (Мин. за урбан., градеж. и еколог) 36;
13. ШАПУРИЌ ЗОРАН 3;

**Дневен ред**:

Т. 7 (Пред. Закон “10 дена Крушевска Република“)
Т.8 (Пред. Закон за ученички и студ. стандард) –стр.12
Т.9 (МААК – Конзерв. партија, за рамноправ. во образ.)-стр.34
Т.10 (Програма за просторен план) – стр. 36
Т.11 (Избор на судија – Осно. суд Скопје – 1) – стр.38
Т.12 (Завод за здравствена заштита –Кочани) – стр.39
Т.13 (Разре. судија на Основ. суд – Кичево) –стр.39
Т.14 (Здравствен дом – Свети Николе) – стр.40
Т.15 (членови на Пос. ком. раб. орган на Фак. За туризам и угостителство – Охрид) – стр. 40

Крај на седницата....

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од првото продолжение на 94-тата седница на Собранието на**

**Република Македонија, одржана на 17 јуни 1998 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1 со почеток во 11,55 часот.

На седницата претседаваше г-динот Тито Петковски, претседател на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 94-тата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ферид Мустафа и Љубомир Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Стасавме до 7-тата точка - Предлог за донесување на Закон за научно - културните средби "10 дена Крушевска република" со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам кој бара збор?

Г-динот Сали Рамадани бара збор за реплика.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Јас сум рекол повеќе пати дека не ги сакам многу репликите, не затоа што не реплицирам, а можам со цел овој дом ако треба за еден ден и со било кој Парламент, без претерување, но според тоа каква ни е судбината, подобро да се работи, да се дебатира, а не да се реплицира за ситни работи.

За овој законски проект после воведното излагање на еден од предлагачите, како што изјави еден од претходните дискутанти, можеби воопшто немаше да има дискусија ако на некој начин не ја поттикнав јас со мојата дискусија. Немав намера никого ниту да поттикнувам на дискусија, ниту да провоцирам меѓутоа, таква беше точката, такво беше моето излагање редовно скоро за овие 4 години, па еве луѓе се јавуваат и се обидуваат нешто да кажат дека наводно во моето излагање нешто не беше во ред, па дури и дека не сум бил на темата, иако за цело време зборував на темата.

Да бидам конкретен, г-динот Стојан Андов со еден збор го поддржа законот, тоа е негово право, иако игра опозиција, значи се согласува потполно со предлагачите на позицијата и меѓу другото не само што рече дека е збунет после моето излагање што не ме зачудува, тој се збунил повеќе пати и кога претседаваше со Парламентот, туку направи и еден фалсификат. Фалсификуваат и многу луѓе, научни работници во историографијата, меѓутоа тој вака вели: “колку што можев да видам тој се повикува во образложението и на учеството на националностите во борбата".

Значи, во образложението на предлагачите тој нашол, односно мислел, можеби видел дека постои нешто и за националностите. Не само во законскиот текст, туку и во образложението и затоа беше така ориентирана мојата дискусија. Нема ни збор за заедничката борба или на овие средби бидејќи ќе бидат вклучени националностите. Г-динот нека ми најде тука збор во образложението за да докаже дека не е тоа така. Понатаму, некои квалификации кој е лојален, кој не е итн. што никако не кореспондира со вистината.

За цело време од научна гледна точка, историска правна реков дека Крушевска република беше заедничка држава како што беше Илинденското востание, меѓутоа работите се фалсификуваа и сега веќе овој закон ако го чита странец ќе види дека навистина нема врска со другите националности, на пример албанците.

Затоа, Ве молам да внимаваме и да бидеме конструктивни, а не само да држиме предавања, а жал ми е што минатата недела седницата беше прекината, токму тогаш кога требаше јас да се јавам за реплика.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Г-дине претседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани претставници на Владата. Јас сакам да кажам само една реченица во врска со ова што го изнесе претходниот дискутант.

Се работи за еден предлог кој го предложила позицијата. Тој предлог е од група пратеници од различни политички партии, каде што меѓу другото потписници се и пратеници од ЛДП, меѓу нив сум и јас, а и не само од една партија, туку од повеќе пратенички групи е овој предлог. Во таа смисла беше мојата на некој начин деловничка интервенција, затоа што законот навистина е предложен од група пратеници од различни пратенички групи и од позицијата и од опозицијата.

**ЏЕМАИЛ ВЕЈСЕЛИ:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, претставници на Владата. Денеска продолжуваме со расправата по Предлогот за донесување на Закон за научно - културните средби "10 дена Крушевска република" уште на почетокот се наметнува едно прашање околу индикациите што ја мотивираше групата пратеници да ги подигнат средбите на ниво на Републичка институција и законски да го верифицираат тоа, кога се знае дека овие исти средби се одржуваат изминативе три децении во организација на ниво на општина Крушево.

Ако предлагачите покрај фактот што се повикуваат на уставните начела на Република Македонија немале некои приркиени политички намери при предлагањето на законот за наведените научно-културни средби, тогаш како да се протолкува правилно ограничениот број на пратеници, потписници на предлогот. Односно зошто во најмала рака не се консултираше пратеничката група на ПДП. Намерата е очигледна. Уште во првиот чекор требаше да се обезбеди што е можно пофлексибилно одбегнување на поставените бариети на нееднаквост во изградувањето на текстот на законот, која наместо да ги афирмира и да ги култивира настаните од заедничкото историско минато. Законот го детерминира присвојувањето на заедничкото како сопствено минато, што всушност се коси со уставните начела на кои предлагачите на овој закон се повикуваат.

Во Предлогот на законот се наметнува еден ваков приод. И покрај фактот што средбите се одржуваат веќе 30 години, а при тоа голем број културно-научни работници со цел да ги расветлат настаните од оваа дистанца до сега објавиле научни трудови од илјадници, илјадници страници. Па, се поставува прашањето, дали навистина комплексно и објективно се негувала вистината за настаните од заедничкото историско наследство во тие научни трудови, или пак се сака пред овој закон тие да се апстрахираат.

Најверојатно тука се работи за второто, за тоа што има доста историски аргументи и тоа од македонски автори кои го верифицираа учеството на албанците во Илинденското востание, додека во Советот на Крушевската република и во нејзината извршна власт албанците учествувале со ист паритет како и македонците и власите.

Овие историски придобивки од заедничкото минато треба да се афирмираат и развиваат на ниво на нивно вистинско значење кое не само што ќе го потврди мулти-етничкото богатство на Македонија, туку во голема мера би ги релаксирало меѓуетничките односи во оваа Република. Таквиот приод е во согласност и со преамбулата на Уставот на Република Македонија за обезбедување на целосна граѓанска рамноправност и сожителство на Македонскиот народ со албанците и другите кои живеат во Република Македонија.

При тоа, сакам да нагласам дека во никој случај не ми е намерата да ја негирам борбата на Македонскиот народ во ниту еден историски контекст, па ниту во Илинденското востание, меѓутоа, подвлекувам дека оваа борба била заедничка и затоа не можат да се присвојуваат историските датуми со едно национални исклучивости, без да се споменуваат и другите кои живеат во Македонија, албанците итн. И тогаш кога се работи за донесување на еден таков закон, како што е овој за научно културните средби "10 дена Крушевска република" ваков како што е содржан во Предлогот, овој закон нема да има поддршка од пратеничката група на ПДП, а кој при тоа не се менува во приодот и квалитетот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвои Предлогот за донесување на Закон за научно - културните средби "10 дена Крушевска република".

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (6 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Кој е за, молам да крене рака?

64 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (5 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на закон.

Отворам општ претрес по Предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам општиот претрес и отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за одбележување годишнини на значајни настани и личности поднесе амандмани на член 2 став 1 за менување на алинеја 1 и за менување на став 2 член 3, став 1, за додавање нов член 3-а и на член 4 со кој се согласил претставникот на предлагачот на законот и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе амандмани на член 2, став 1, алинеја 1, 2, 3 и 4 и на член 3 став 1 по кој предлагачите не се произнеле.

Пратеникот Назми Маљичи поднесе амандман на член 1 став 1, алинеја 1 и 2 по кој предлагачите не се произнеле.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, алинеја 1 и 2 понесен од пратеникот Назми Маљичи.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници. Со оглед на тоа што на Комисијата за одбележување на историски настани и личности го прифатив амандманот на член 2 став 1, алинеја 1 во кој се додаваат и националностите, јас во оваа прилика сакам да кажам дека го прифаќам сега амандманот на г-динот Маљичи вториот дел, каде што се вели "продлабочување на сознанијата за Илинден и Крушевската република и за значајни настани и личности од историското минато на Македонскиот народ" и на "националностите", да се додаде, како што предлага г-динот Маљичи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Значи го прифаќате делимично амандманот.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Вториот дел од амандманот, додека првиот дел од неговиот амандман е содржан во амандманот на Комисијата за одбележување на важни историски настани и личности.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, г-дине Маљичи дали се согласувате со вака формулиран амандман.

**НАЗМИ МАЉИЧИ:**

Делумното прифаќање на амандманот на член 2, алинеја 2 го прифаќам, а така се усогласивме и во предлогот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 2 став 1, алинеја 1, 2, 3 и 4, поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам претставникот на предлагачите да се произнесе.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Освен тоа што е напишано во образложението накратко, би додал во овој член каде што постојат 4 алинеи, ништо повеќе не барам освен тоа што се порача и од самото Илинденско востание и Првата демократска републиканска држава, како што беше, иако 10 дена - Крушевска република.

Значи, насекаде каде се набројува во овие алинеи, покрај Македонскиот народ, да не ги повторувам сите, ништо повеќе не барам, туку "Македонскиот" и "народ", да се додаде и "Албанскиот". Тогаш борбата беше заедничка, тогаш по 60 пратеници на тогашното Собрание, на Советот на Крушевска република 20 беа албанци, 20 македонци, 20 власи. И во Владата, по 2 што значи прав паритет 2 албанци, 2 македонци, 2 власи.

Меѓутоа, сега по се изгледа од човек по потекло од Крушевска република, за жал во овој Парламент не се прифаќа тоа што се барало тогаш "елате браќа муслимани, албанци" да

војуваме заедно, а сега се одвојуваме според вашето. Тоа ништо не губи, само албанците се осеќаат порамно правни и во овој поглед.

На крајот на алинеа 4-та ништо повеќе не барам, туку како што е многу лошо поставен текстот каде вели "наша Македонска држава", јас барам само да се измени "наша држава", значи заедничка. Јас барам само да се измени "наша држава", значи заедничка и да се стави запирка, па "Република Македонија", а тоа на предлагачите односно на претставникот му пречи. Мислам ако сме на линија на Илинденското востание и на Славната Крушевска Република, ако не од овој дел од предлагачите, од овој Парламент овој амандман треба да се прифати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Тројца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 3 став 1 поднесен од пратеникот Сали Рамадани.

Го молам предлагачот да се произнесе.

Има збор г-дин Марковски.

**РИСТО МАРКОВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-дин Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Многу е лесно да се каже дека не се прифаќа, меѓутоа, реалноста е нешто друго.

Значи, предлагачите предлагаат, освен претседателот на Советот на научно - културните средби "10 дена Крушевска Република" да бидат осум, односно 12 членови, што немам ништо против, многу порационално, поекономично, поефикасно на чело на една таква манифестација да бидат помалку но поквалитетни кадри и стручњаци, додека во зависност гранката, обемот, работата на самите средби од научен карактер, културно-просветен, можат да бидат и различни комисии и на еден многу убав симпатичен симболичен начин, ништо друго не барам, само преку овој совет да се потсетиме на тие шест членови на Владата на Крушевска Република, па покрај претседателот да бидат уште пет членови и тоа многу убаво, симболично, двајца албанци, двајца македонци, двајца власи, што може да биде и по три, само такво беше моето мислење дека подобро е така. Незнам, на предлагачот односно на претставникот што му пречи тоа. Ако вака се одвоиме и таму каде бевме и треба да бидеме заедно, тогаш ништо не правиме, ние имаме и така албанците разни други свечености, фестивали, средби такви и слични, само ако не другите, барам овие средби, овие манифестации треба да бидат и да беа досега заеднички.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Барате дискусија? Навреме јавувајте се.

Има збор г-дин Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колеги пратеници, земав збор, затоа што се спомнаа албанците, се спомнаа македонците, се спомнаа власите. Јас мислам дека Ромите се дојдени уште од времето на Александар Македонски во Македонија како налбати, како ковачи, како прводојдени на оваа кугла македонска и треба да знаете дека од Грција наваму и од Турција наваму, Тесаранда, Тепинда, Тетранда, тоа се ромски изреки.

Треба да знаете сите дека постојат ромите уште од тогаш доаѓале наваму и ние постоиме во Македонија, затоа, немојте да мислите дека во Македонија само постојат овие или оние, треба да знаете дека постојат и роми во Македонија, да се спомне тука. Предлогот е, се знае, ромите да бидат спомнати во Македонија, дека дошле на време и се што ќе се заземе во Македонија, да се заземе и со ромите. И ние сме жители и граѓани на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

Двајца пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака?

бб пратеници гласаа за.

Дали некој има против?

Еден пратеник е против.

Дали некој се воздржува од гласање.

Никој не се воздржува од гласање.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за научно - културните средби "10 Дена Крушевска Република".

Преминуваме на Осмата точка - Предлог за донесување закон за ученички и студентски стандард.

Предлогот за донесување на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор г-ѓа Софија Тодорова, министер за образование и физичка култура.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Почитуван претседателе, почитувани дами и господа пратеници, дозволете ми сосема накусо да укажам на потребата од донесување на овој закон и не некои позначајни содржински елементи.

Аргументите кои укажуваат на потребата од донесување на овој закон во основа се од материјална и нормативна природа. Од нормативен аспект со предложениот текст на законот се прави обид за воспоставување на нормативно институционална рамка за една исклучително значајна сфера, ученичкиот и студентскиот стандард, како составка на сложениот систем на образование на Република Македонија.

Со законот исто така се кодифицира нормативното уредување на материјата, која во досегашниот период беше регулирана по законот, поранешниот, за предучилишно и основно образование, со законот за насочено образование, поранешниот Општествен договор за ученички и студентски стандард како и со подзаконски акти на Министерството за образование и физичка култура.

Значењето на прашањата кои се однесуваат на ученичкиот и студентскиот стандард, како и нагласените специфичности во однос на другите елементи во системот на образованието, ја условија потребата од изготвување на посебен закон, кој покрај другото ќе претставува системска рамка за конципирањето и водењето на тековната политика во оваа сфера.

Во предложениот текст на законот содржани се решенија за дејноста на ученичкиот и студентскиот стандард и за установите каде учениците и студентите ги остваруваат правата кои произлегуваат од овој закон, би рекла решенија кои се во комуникација со вкупните промени во нашиот систем воопшто и со проектираните и веќе реализирани промени во системот на образованието одделно.

Овој закон целно е насочен кон обезбедување рамноправност во пристапот во основното, средното и високото образование на учениците и студентите, без оглед на местото на живеењето, условите за живот и работата на учениците и студентите да бидат предмет на постојана и нагласена грижа на државата, да се стимулира зголемувањето на ефикасноста во учењето и студирањето и да се обезбеди посебна поддршка на талентираните ученици и студенти.

Во смисла на овој  закон, под ученички и студентски стандард се подразбира сместување  и исхрана на учениците и студентите во ученички и студентски домови, обезбедување услови за учење и студирање, кредитирање и стипендирање на учениците и студентите, обезбедување услови за здравствена заштита, културно забавен живот, спорт, одмор рекреација и информирање. Сите овие елементи со различен опфат се содржани и разработени во законот кој е предмет на денешната расправа.

Би сакала да го свртам вашето внимание само на некои решенија кои претставуваат значајна новина во законот, во однос на досегашната регулатива и практика, а од чие операционализирање реално е да се очекува дека ќе се иницираат позитивни ефекти врз ученичкиот и студентскиот стандард. Да ги споменам пред се статусните прашања на установите во кои се остваруваат правата од оваа сфера. Покрај јавните установи државните, основани од Владата на Република Македонија и општинските и установите на Град Скопје, основани од единиците на локалната самоуправа, во текстот на законот содржана е и одредба според која постои можност за формирање на приватни установи во кои ќе се остваруваат правата од ученичкиот и студентскиот стандард. Но поради фактот што оваа сфера е прогласена, така е третирана и во законот како сфера од јавен интерес, во законот се пропишани условите што треба да се исполнат установите да бидат верифицирани од Министерството за образование и физичка култура и да ја обавуваат својата дејност. Тоа значи и за приватните установи, откако ќе ги исполнат пропишаните услови со закон, дури тогаш можат да добијат одобрение односно концесија од Владата. Отворањето и на оваа дејност за приватната иницијатива, а тоа значи и за конкуренција, секако ќе продуцира поволни ефекти на квалитетот и цените на услугите,  користени од страна на учениците и студентите.

Со Законот се уредуваат и други значајни прашања од организацијата и остварувањето на дејноста на установите од ученичкиот и студентскиот стандард. Но, посебна нагласка секако заслужуваат иницираните промени во управната и раководната структура на овие установи, кои треба да обезбедат повисок степен на стручност и компетентност, ефикасност и оперативност во управувањето и раководењето. Наместо досегашниот, сите знаеме, совет во проширен состав кои по логиката на своето функционирање е нешто што е остаток од претходниот самоуправен систем, со содржаните одредби во овој предложен текст на законот за најзначајните прашања одлучува управен одбор, во чиј состав се и претставници на основачот.

Во јавните ученички домови, покрај управниот одбор се формира и совет на воспитувачи, како стручен орган за остварување на воспитно - образовната работа, како и совет на родители. Во јавните студентски домови се формира и совет на станари составен од корисниците на овие услуги. За приватните установи, се разбира, управувачката структура како и низа други елементи ги утврдува основачот.

Со Законот се уредува и прашањето на именување и разрешувањето на директорот како орган на раководење на установата, како и неговите надлежности, во една поинаква форма од онаа која досега се практицираше. И останатите елементи кои го чинат ученичкиот и студентскиот стандард нормативно се уредени во предложениот текст на законот. Тоа особено се однесува на стипендирањето и кредитирањето на учениците и студентите, сместувањето и исхраната, утврдувањето на цената на овие услуги и друго.  Се разбира, низа прашања ќе треба допрва да се операционализираат, да се разработат со подзаконски акти што ќе треба да ги донесе министерството за образование и физичка култура во рок од една година од влегувањето во сила на овој закон.

На крајот би сакала да укажам и на фактот дека во изготвувањето на овој текст беше остварена соработка со претставници на ученичките и студентските домови, со универзитетите, со претставници на Сојузот на студентите.

Се надевам дека и вие како пратеници ќе ја потврдите односно искажете потребата од донесување на овој закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-дин Лазарев.

**ЈОВАН ЛАЗАРЕВ:**

Почитуван претседателе,  почитувани пратеници, почитувана г-ѓо министер, го поддржувам Предлогот за донесување на законот за ученички и студентски стандард и мислам дека со тоа ќе ја регулираме оваа област главно за помагање, стимулирање на учениците и студентите како и на талентираните ученици и студенти. Како што стои во образложението, корисници на овие услуги се околу 4000 ученици и 5600 студенти. Бидејќи сум човек од универзитетот ќе кажам нешто за студентскиот стандард.

Денес голем број студенти живеат во приватни станови, во студентски домови кои се на едно задоволително ниво, но и еден дел од студентите живеат во бараки кои се супстандарди и под

сите критериуми. Се помалку се кредитите и стипендиите, а се разбира на некој начин и детскиот додаток за овие студенти го укинуваме, така што денес се потешко и потешко студираат студенти, деца на родители од посиромашни семејства. Јас лично не очекувам некоја голема промена во она што и досега постои, затоа што тоа и сега во пракса живее, но сега еве и законски ќе го регулираме, односно ќе ја регулираме оваа област и како член на Комисијата за образование и наука можам да кажам дека ние расправавме и дадовме неколку забелешки, кои главно се однесуваа на формирањето на управните одбори. Тука управните одбори мора да се формираат на оној принцип на кој се формираат сите управни одбори во сите други јавни установи, односно секогаш основачот мора да има доминантно мнозинство во управувањето. Имаше одредени пропусти, стои во записникот на комисијата, да не ги повторуваме околу формирањето на цените, предложено е цената да ја предлага управниот одбор, но завршниот збор мора да го има Министерството односно министерот за образование. Така е и во другите јавни установи каде конечен збор дава за сите ценовници Владата на Република Македонија, во случај кога е таа основач, а овде во овој случај би било логично тоа да биде Министерството односно министерот за образование и физичка култура.

Сега, една област, која јас ја имам сретнато од пракса, а не видов дека е тука регулирана е за исклучително талентирани ученици и студенти. Ова особено се однесува за уметничките академии и школи кои едноставно се појавуваат во одредени поединечни случаи, може би на секои пет-шест години, може и повеќе и кои едноставно ги надминуваат рамките на училиштето, на амбиентот на Македонија и имаат потреба од школување да кажеме во една од неколкуте елитни школи во светот.

За такви ученици нема начин и можност, законска регулатива тоа дете да добие стипендија, бидејќи овде се регулира целосно за стипендирање на децата во Македонија. Имаше еден таков случај за една талентирана балерина која беше примена во Париската опера, но немаше начин како да и се помогне и целиот товар падна врз родителите. Мислам дека Министерството треба да размисли за вклучување на неколку членови од оваа област, бидејќи тоа се поединечни случаи во овие области кои се јавуваат велам може би на пет-шест или 10 години и треба државата да ги помогне таквите талентирани деца.

Велам, уште еднаш го поддржувам предлогот и благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Рубинчо Белчески има збор.

**РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, дами и г-да пратеници, на почетокот од моето излагање сакам да изразам задоволство што Владата предлага еден закон, а се однесува на учениците и студентите т.е. на младата популација, која сите ние треба да ја негуваме и да сметаме на неа, бидејќи иднината останува на младината, како што тоа порано многу често го кажувавме.

Се надевам дека со овој закон ќе се обезбедат подобри услови за сместување на учениците и студентите како и нивна исхрана, здравствена заштита, обезбедување на учебници, превоз, стипендии и кредити, а со цел за задоволување на образовните, спортско - рекреативните и други заеднички потреби на учениците и студентите. Со други зборови ќе се подобри ученичкиот и студентскиот стандард. Нема поминато многу време од кога и јас излегов од ученичките и студентските клупи и затоа мислам дека и јас треба да кажам неколку збора за законот кој го регулира ученичкиот и студентскиот стандард, за кого пак постојано се кажува дека не е тоа на она ниво на кое што треба да биде.

Во минатото кога родителите имаа свои работни места и редовна плата лесно им беше и на учениците и на студентите, бидејќи нивна обврска беше само да учат и ништо повеќе. Сега во овие тешки времиња учениците и студентите треба покрај за својата основна задача учењето треба да се грижат и за тоа како да издржат во текот на месецот, а притоа да не бидат на терет на своите родители. Па затоа преку студентските задруги често и работат за своја егзистенција. Сместувачките капацитети по градовите училишни и студентски центри, а особено во Скопје се многу мали за да ги примат сите оние кои што се заинтересирани за сместување. Бројката од 5.600 сместени студенти во студентските домови наспроти онаа од 40-тина илјади студенти е премала затоа во иднина треба да се размислува за изградба на нови студентски домови или проширување на старите што секако ќе претставува подобрување на студентскиот стандард. Секако во овој правец треба да се размислува и за ученичките домови. Сместувањето во овие капацитети треба да биде реализирано врз реални основи и тоа успехот и вистинската семејно - материјална состојба на ученикот, односно студентот.

Во поглед на стипендирањето и кредитирањето на учениците и студентите знаеме дека Министерството за образование и физичка култура доделува стипендии и кредити по основ на талентираност, или дефицитарност. Сметам дека посебно треба да се обрне внимание на талентираните ученици или студенти, а кои се во лоша семејно - материјална состојба т.е. при еднаков успех да се гледа материјалната состојба и тие ученици и студенти да имаат предност. Во минатото многу фирми доделуваа стипендии или кредити. Во последно време тоа е ретка практика.

Јас ќе ја искористам оваа прилика да ги повикам сите оние претпријатија било да се јавни или приватни, било да се акционерски или трговски друштва да инвестираат во младите преку стипендии или кредити на тој начин да си обезбедат квалитетен кадар за своите претпријатија за иднина. Во поглед на учебниците и учебните помагала сметам дека тие се со превисока цена, а со самото тоа учениците и студентите т.е. нивните родители се ставаат во уште потешка материјална состојба.

Министерството за образование и физичка култура мора да изнајде некаков механизам со подзаконските акти со кои учебниците и учебните помагала ќе бидат на она ниво да секој родител, па дури тој да е стечаен работник или социјален случај да може да му купи на своето дете книги. Ученичкиот и студентскиот стандард е таква дејност која што постојано треба да се развива. Затоа програмата за развој на ученичкиот и студентскиот стандард што треба да ја донесе Владата на РМ мислам дека, е многу позитивно решение во законот. Се надевам дека денес ќе ја утврдиме потребата од донесување на овој закон, бидејќи тој има огромно значење за ученичкиот и студентскиот стандард како дејност која покомплексно и трајно ќе се регулира како еден сегмент од воспитно образовниот систем во РМ.

Се надевам дека за краток период Владата на РМ ќе му предложи на Собранието предлог на закон со кој ќе се подобри ученичкиот и студентскиот стандард.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, еве да не помине расправата без учесник од претставниците на пратеничката група на ЛДП кој е еден за мене, а верувам и за многу

од вас многу значаен законски проект, тоа е регулирано и со посебен законски пропис на проблематиката на ученички и студентски стандард. За поздравување е обединувањето во една содржина на законски пропис на досега во неколку пооделни закони е регулираноста на овие прашања од ученички и студентски стандард.

Во таа смисла изразувам поддршка на потребата, дури и неопходноста од донесувањето на овој закон и сметам дека со добивањето ка тежина на регулираност на оваа проблематика на ученички и студентски стандард во посебен специјален закон фактички ќе се добие на значење на правата и обврските, а со тоа и статусните положби на учениците и студентите во однос на нивните права за нивниот стандард. Сакам да коментирам неколку прашања од праксата. На почетокот еднаш декларирајќи си ги новите сознанија дека во делот на ова што значи објективност и регуларност во постапките за зголемување на правата од ученички и студентски стандард моите сознанија како пратеник се позитивни во делот на подобрувањата што ги врши надлежното ресорно министерство, но неодминливо е потенцирање на еден реален факт, а тоа е недоволноста пред се во делот на сместувачките права на учениците и студентите, недоволноста на капацитетите на ученичките и студентските домови.

Од друга страна во постапките за решавањето при конкурирањето на учениците и студентите за кредити или стипендии исто така објективност и реалност во задоволувањето на тие права, но повторно заради утврдените критериуми и нормално заради ограничените материјални можности, недоволност на квантум на одобрување на стипендии и кредити ви за ви интересот што се има за истите. Што е поентата на дискусијата. Поентата е во тоа што кога веќе се носи специјален закон покрај пренесувањето на содржините кои досега беа во пооделни закони многу згодна прилика е придонесувањето на овој Закон за ученички и студентски стандард да се покрене и прашањето за зголемување на стандардот на учениците и студентите во смисла на обезбедување на поголеми услови за сместување на учениците и студентите и обезбедување на поголеми износи на средства во рамките на кои зголемени средства во поголем број би се задоволувале и зголемените барања за стипендии и кредити кај учениците и студентите.

Во секоја држава сведоци сме дека една од главните функции би рекол или побитните функции на вршењето на власта е колку актуелната власт ќе создаде услови во делот на задоволувањето на правата од стандардот на учениците и студентите во многу случаи кога тоа е во една диспропорција настануваат големи немири, незадоволства и сл. Кај нас тоа не е случај што е добро. Но, веќе години наназад евидентна е една тенденција поради економско социјалните движења во РМ, многу поголем број на родители кои ја имаат својата основна обврска за создавање услови за школување на своите ученици, или студенти како најголем, најбитен проблем се јавува обезбедувањето на материјални и финансиски средства за поддржување од нив како нивна родителска обврска на нивното школување дали во средни училишта, или на факултети.

Во таа смисла неопходно е актуелната власт, а ќе повторам многу е јака коинциденцијата со донесувањето на овој закон да се искористи покрај регулирањето на со законска содржина на правата и обврските од стандардот на учениците и студентите да се истакне и неопходноста од создавање на услови за зголемување на капацитетите на ученичките и студентските домови од една страна и од друга страна зголемување на одобрените средства од Буџетот во делот на одобрувањето на стипендии и кредити за студентите што е во согласност со економско - социјалните движења и стандардот на граѓаните кои што како родители ја имаат обврската во периодот на финансиско поддржување на своите деца дали за школување во средните школи или на факултет. Во таа смисла сакам да потенцирам во делот на критериумите за одобрување на стипендии и кредити прво треба да се до дефинираат поместените во предлогот за донесување на закон за ученички и студентски стандард критериумите тие се воопштени и се нецелосни. Таму е поместено дека како критериуми ќе тргнува прво од објективните критериуми, тоа е сместувачкиот капацитет на ученичките и студентски домови посебно на студентските, а потоа е социјалната положба на конкурентот. И како трето односно последно е неговиот успех од претходно школување.

Сметам дека овие критериуми треба да се либерализираат. Таа либерализација значи да не бидат така преиначени, а во исто време со подзаконските акти да не бидат рестриктивни за да не овозможуваат поголем број на заинтересирани ученици и посебно студенти да можат да го остварат правото на она што е и цел на стипендиите, тоа е за талентираните и дефицитарните и она што е цел на кредитирањето за изедначување на условите за школување на стартните позиции на учениците и студентите. Во таа смисла на пример буквално би го претставил ако огромен цензус на социјална положба досега бил 2000 денари по член на семејство па дотичниот заинтересиран ученик, или студент има право да добие стипендија, или кредит. Мислам дека со години наназад веќе тој цензус е променет во негативна во надолна тенденција, бидејќи такви се социјалните движења во РМ. Во таа смисла кога се има претходно во предвид и тоа дека голем број на заинтересирани останува со незадоволување на нивното барање за остварување на право на стипендија и кредит, мислам дека со дефинираност на овие критериуми кои ги има набroени четири во самиот закон и со нивната целовитост во насока на либерализација односно преку такво одредување на критериуми кои ќе овозможуваат за поголем број на ученици и студенти за задоволување на бројот, а тоа е во формулирањето на поповолни критериуми за добивање на стипендии и кредити, мислам дека е во согласност со моментот на социјално живеење на граѓаните како родители кои го имаат тоа право во РМ. Во таа смисла уште еднаш повторувам дека овој закон треба да се искористи и за зголемување на сместувачките капацитети за учениците и студентите, бидејќи тоа е општо познато тие се недоволни да ги прифатат сите барања на ученици и студенти посебно овде во Скопје. И од друга страна да се формулираат и утврдат во исто време поповолни услови за добивање на кредити и стипен-дии затоа што таков е социјалниот момент на економско движење во РМ а со тоа и стандардот и на родителите кои како граѓани ја имаат таа обврска.

На крајот има една досегашна пракса за овие талентираните кои се корисници на стипендии да имаат право само оние кои имаат некоја републичка награда. Тоа досега многу дискреционо се толкуваше што е тоа републички карактер. Има случаи да речеме од поширок регион не е републички карактер, а што создава доста простор за едно дискреционо одлучување на субјектите во службите на министерството кои што одлучуваат за задоволувањето на овие права.

Во таа смисла пак во насока на регулирање на по поволни улсови за добивање конкретно на стипендии предлагам дефинирање на тоа што значи републичка награда како еден доказ за талентираност на ученикот или студентот и во таа смисла по мое мислење и сугестија дека треба да бидат прифатени регионалните награди, затоа што верувајте многу е нерамноправна положбата на ученици или студенти од провинцијата во стекнувањето на награда од републички карактер и се создава непотребно баш она што е целта изедначување на условите за школување

преку оваа форма да се добие некој неповолен, верувам дека не е тоа желба и цел на министерството, некоја неповолна нерамноправност меѓу учениците и студентите.

Уште еднаш кажувам, изразувам поддршка на донесувањето на овој закон.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас сакам да се вклучам во расправата, имајќи во предвид дека сепак овој закон има и своја социјална функција гледано од аспект на содржината на самиот закон. Лично сметам во тој дел и сакам да го поддржам донесувањето на овој закон, од аспект што мислам дека еве со овој закон правиме некој ред на организацијата на системот во оваа област и во тој контекст сакам да дадам некој свој прилог.

Прво, за мене барем самиот наслов на законот малку ме збунува заради тоа што во самото образложение во текстот, па и во содржината како да нема доволни аргументи да го утврдиме тоа, а тоа е критериум на студентскиот и ученичкиот стандард. Ние во РМ сега зборуваме за некој животен стандард на севкупната популација, меѓутоа ако сега дискутираме за студентскиот и ученичкиот стандард треба да имаме некои параметри во кои ние треба да бидеме вклопени, што значи тоа ученички, а што значи студентски стандард и во тие рамки сега ние да расправаме дали сме задоволни, не сме задоволни итн. Лично од она што го прочитав во образложениeто јас неможам до крај да се убедам да видам какво е нивото на ученичкиот и студентскиот стандард во констелација, односно гледано од аспект на сите економски движења во државата. Ако споредам она што значи социјала во државата гледано од аспект она што јас го познавам како 100 илјади, или 150 илјади лица корисници на одредени социјални права, ви за ви она што користат сега во рамките на стипендиите како ученици и како студенти тогаш се доаѓа во ситуација дека ние практично необезбедуваме, ниту стипендија, ниту кредит на незнам кој процент сега неможам да го извлечам правиот процент во тој дел.

Лично сметам дека стипендиите што ги имаме сега и што ги даваме како кредити се сосема недоволни да ги обезбедат оние потреби на учениците и студентите кои живеат во Република Македонија. Ние викаме сами се декларираме како држава дека во РМ корисници на ова право се 68 илјади семејства. Па да дозволиме дека таму има ученици, дека има и студенти и тн. Ако извлечеме еден податок, тогаш ќе дојдеме во ситуација дека бројот на лицата кои се материјално загрозени, односно материјално недоволно обезбедени е сосема мал кој го користи ова право и во тој контекст се доведуваме во позиција да овие деца неможат да продолжат во средно, вишо, или високо образование.

Мислам дека добро е што веќе со законот на некој начин во член 51 се утврдуваат одредени критериуми. Јас верувам дека Министерството ќе има некој подзаконски акт во кој ќе се утврдат овие услови. Меѓутоа лично сметам дека државата сега овде со новиот буџет, бидејќи наидуваме на новата година да издвоиш што повеќе средства посебно за оваа намена. Инаку Министерството лично сметам дека во оваа ситуација е недоволно можно да обезбеди доволни средства за стипендирање и кредитирање и на студенти и на оние што се талентирани и оние да не кажам дефицитарни, меѓутоа посебно оние кои се материјално загрозени. Јас имам голем број на ученици и студенти кои во дадениот момент неможат да продолжат со школување баш заради материјалниот статус, неможат да платат карта да не кажам автобуска карта од Куманово до Скопје од аспект заради тоа што нивното семејство се корисници на социјално -заштитни права или користат некои права во рамките на законите за вработување, односно биро за вработување.

Во тој контекст добро е Министерството да направи, дури јас се надевав дека, ако го имавме овој закон, ако имавме една комплетна информација, тогаш ќе можевме да направиме споредба и можеби јас во тој момент ќе дадев свој исправен став, сега еве јас така дискутирам заради тоа што имам една сува бројка за мене 2674 во која припаѓаат сите овие 4 односно 5 категории. Гледано од аспект да го поделиме на една петина тоа значи околу 500 деца односно студенти користат ис-клучиво, во рамките на материјалиот статус, во тој контекст лично смета дека Министерството треба да преземе повеќе, добро е што веќе државата се става како носител на целокупната работа и мислам во тој контекс со наредниот Буџет, наредниот Парламент треба да преземе повеќе, односно да изнајде повеќе средства за оваа намена.

Лично сметам дека е добро што овде во овој закон правиме напори во член 9 покрај државните установи да имаме и приватни установи не заради друго, туку заради конкуренција и подобрување на севкупната мрежа. Меѓутоа лично сметам гледајќи ја состојбата во рамките на државата ученичкиот и студентскиот стандард сега е под одредено потребно ниво. Ако сакаме да направиме прав ученички и студентски стандард, мислам дека државата мора да издвои поголеми средства и да биде многу пофлексибилна со тоа што материјалниот статус треба да биде доминантен инаку го поддржувам Предлогот за донесување на законот. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор?

Има збор г-динот Аце Коцевски.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани министри, дами и господа, излегов сосема на кратко да му дадам поддршка на Предлогот за донесување на Закон за ученички и студентски стандард и да се согласам со причините поради кои треба да се донесе законот и со неговите основни начела и воглавно со содржината на законот и ја користам можноста да дадам некои свои забелешки на самиот текст на законот, односно колку е сеопфатен и дали ги задоволува сите потреби кои произлегуваат од членот 1 и членот 2 од самиот закон.

Потребата за донесување на ваков закон е сосема јасна со самиот факт што доцниме со законското регулирање на оваа многу важна материја за голем број на ученици и студенти во Република Македонија, меѓутоа и за нивните родители на чиј товар е образованието на тие ученици и студенти, пред се поради фактот што во моментот е на сила законска регулатива од самоуправниот социјалистички систем, донесена некаде 1983-1985 година, која подоцна е дополнувана, а покрај тие закони важеше и општествениот договор за заедничките основи на ученичкиот и студентскиот стандард кој претставуваше основа за разрешување за овие важни прашања.

Со самото донесување на законот сигурно дека нема да се разреши или кој знае колку подобри состојбата со студентскиот стандард, меѓутоа доборо е што ќе се воспостави основа односно правна рамка преку која ќе може на вистински начин да се канализираат работите во областа на ученичкиот и студентскиот стандард, инаку тоа е материја која е многу важна за голем број на граѓани во РМ, пред се во овие тешки економски кризни времиња денеска кога огромен број работници ги изгубија своите работни места и не се во можност да состават крај со крај во месецот, а камо ли да издвојуваат значителни средства за школување на своите деца во средните училишта и на факултетите, посебно ако тоа треба да го прават надвор од местото на живеење пред се заради фактот што учениците и студентите спаѓаат во категоријата на издржувани лица и

нивната егзистенција и нивната можност и достапност на високо образовните институции зависи од материјалната состојба на нивните родители, пред се заради неможноста на државата на адекватен начин преку кредитирање и степиндирање да учествува во партиципацијата на дел од трошоците на учениците и студентите.

Мене ме загрижува фактот што состојбите во ученичкиот и студентскиот стандард не се значително подобрени дури може да се каже дека се влошени од она време кога пред 15-тина година и јас сум живеел во тие студентски домови во Скопје, дури може да се констатира дека состојбите се влошени пред се ако се има предвид фактот дека објектите во кои тогаш се живееше не се битно реновирани и не се направени поголеми зафати дури еден дел од студентите сеуште живеат во студентски бараки кои се под нормалните стандарди на живеење, ако се знае дека тие се градени по земјотресот во шеесетите години. На тоа се надоврзува и фактот што најголем дел од забелешките на студентите се однесуваат на квалитетот на сместувањето и на квалитетот на исхраната во студентските домови, недостатокот од топла вода за одржување на лична хигиена и фактот што во одреден дел на тие објекти каде живеат во една соба по 4 студенти не постојат читални каде можат студентите времето кое им е предвидено за учење да го користат најоптимално, без да бидат ометувани од цимерите или цимерките во подготвувањето на испитите.

Заради тоа мислам дека е неопходно ние како највисок законодавен дом да ги донесеме овие соодветни рамки, затоа што ученичкиот и студентскиот стандард битно влијае врз квалитетот на учењето и студирањето на учениците и студирањето во РМ. Би сакал да потенцирам дека не сум задоволен од тоа колку е сеопфатен законот во еден дел тој е сосема коректен и во ред, меѓуто. во законот се става акцент на ученичкиот и студентскиот стандард преку институциите за сместување на учениците и студентите додека законот не одговара на дел од обврските кои произлегуваат од членот 2, затоа што во членот 2 е дефинирано дека под ученички и студентски стандард во смисла на овој закон се подразбира обезбедување на сместување, исхрана, здравствена заштита, учебници, превоз, стипендии, кредити како и задоволување на работните, културните, воспитно - образовните, информативините, спортско - рекреативните и други заеднички потреби на учениците и студентите.

Во таа смисла би ги замолил претставниците на Министерството и на Владата соодветно одредбите на овој член од законот, во овој закон малку повеќе внимание да посветат на останатите елементи од ученичкиот и студентскиот стандард кои не се доволно обработени во овој закон, затоа што значителен дел од средствата на учениците и студентите пред се на студентите одат на купување на учебници и учебни помагала, умножување на скрипти, потоа за превоз, а такви одредби во овој закон воопшто не постојат за тие како и за спортско-рекреативните, културните потреби на учениците и студентите, затоа што непостојат членови кои ја регулираат таа материја, па би било добро да има одредби во овој закон за регулирање на оваа материја.

Инаку, го поддржувам законот и би било добро во пресрет на новата учебна година, бидејќи нема многу забелешки во текстот на законот Министерството и Владата да се потрудат да го достават Предлогот на законот за да може во составот на овој законодавен дом да се донесе, значи до крајот на јули. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Има збор г-ѓа Тодорова, министер за образование и физичка култура.

**СОФИЈА ТОДОРОВА:**

Јас во моето обраќање намерно се задржав на она што претставува законска регулатива и она што го нудиме со текстот на законот што е пред Вас, а не говорев за тековната политика во оваа свера. Можеби е добро еве тоа го преземам како обврска на Министерството да се подготви информација за постојната состојба во доменот на ученичкио и студентскиот стандард.

Меѓутоа, нешто од она што беше кажано јас би сакала да го прокоментирам за да не остане така пред јавноста, на пример исказот дека имаме се помалку стипендии, тоа го кажа првиот дискутант. Би сакал да укажам на фактот дека бројот на студенти од година во година значително се зголемува, така што ако во учебната 1991-1992 година бројот на стипендиите изнесуваше 1751, во минатата учебна година веќе се обезбедуваат 2674 стипендии и дополнително кредити од 1190 кредити во истата учебна година, минатата учебна година се добија 3550 кредити или опфатот на оние што конкурирале да добијат стипендии и кредити изнесува некаде помеѓу 70 и 80% што е релативно висок опфат, а се разбира ќе направиме дополнителни напори, тоа ќе зависи од конципирање и дизајнирање на Буџетот за наредната фискална година да обезбедиме поголем износ на стипендии и кредити.

Тоа се случува и кај опфатот на учениците и студентите во сместувачките капацитети, нивниот број се зголемува, иако процентот на опфатот особено на студентите е помал од оној што е објективно потребен.

Државата и во овој момент, морам да кажам дека издвојува значителен обем на материјални средства за финансиска поддршка на ученичкиот и студентскиот стандард или само за стипендии и кредити во оваа фискална година се издвојуваат 103 милиони денари или 3,3 милион ДМ, а ако кон тоа се додадат и издатоците за сместување и исхрана на учениците и студентите во што државата исто така партиципира со буџетски средства, вкупниот износ изнесува околу 230 милиони денари или околу 7,5 милиони ДМ, но веќе сега размислуваме какви активности се неопходни да се направат за да имаме и позитивно поместување не само воспоставување на законска регулатива, туку и во реалноста да имаме подобрување во доменот на ученичкиот и студентскиот стандард и еден од тие потези што веќе се реализирани е зголемувањето на сместувачки-те капаците за студентите и тоа во Охрид за околу 200 легла и во Битола за околу 200 дополнителни легла, што веруваме дека ќе се активираат во наредната студиска година. Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот.

Ве молам да се утврди точен број, изгледа брзо се заморивме.

Во салата има 34 пратеници, јас Ве молам да смогнеме сили имаме неколку преостанати точки од Деведесет и четврттата седница и од Деведесет и втора седница па да ги завршиме денеска.

Наместо да се чекаме еве давам пауза до 14,00 часот и Ве молам точно во 14,00 да продолжиме со работа и по можност шефовите на Пратеничките групи да ги обезбедат пратениците, оти на почетокот на седницата беа над 70 овде.

(Седницата прекина со работа во 13,15 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,15 часот).

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Бидејќи го заклучив претресот по осмата точка од дневниот ред, на Собранието му предлагам да го донесе следниот Заклучок:

Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за ученички и студентски стандард.

Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон, при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и укажувањата од расправата на седницата на Собранието, да се доставaт до Владата на Република Македонија и до Министерството за образование и физичка култура.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (63).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот Заклучок.

Јас уште еднаш сакам да ги замолам координаторите на пратеничките групи, бидејќи имаме информација дека над 80 пратеници има во зградата на Собранието, да ги повикаат пратениците за да можеме да ја апсолвираме работата и по 3-те точки од дневниот ред.

Минуваме на 9-та точка - Иницијатива на МААК - Конзервативна партија за собирање потписи на избирачи за поднесување Предлог за донесување Закон за рамноправност во образованието.

Иницијативата ви е доставена.

Оваа иницијатива согласно член 2 и член 3, став 1 од Законот за постапката за собирање потписи на избирачи за предлагање за донесување на Закон за распишување на референдум и за поднесување предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија е поднесен од страна на МААК - Конзервативна партија, како овластен предлагач и по неа е доставен текстот на Законот за рамноправност во образованието.

Според став 2 од член 3 од Законот за постапката за собирање потписи за избирачи за предлагање за донесување на закон, се предлага законот да е подготвен согласно одредбите од Уставот на Република Македонија и Деловникот на Собранието.

Согласно одредбите од член 291 и 292 од Деловникот на Собранието, Предлогот за донесување на закон треба да ги содржи основните начела врз кои треба да се заснова законот, содржината и образложението кон законот, кој е составен дел на текстот на законот.

Постапувајќи според одредбите од Законот за собирање на потписи на избирачи и предлагање за донесување на закон, утврдено е дека иницијативата е неуредна. Имено, законот не е подготвен согласно одредбите од став 2 на членот 3 од наведениот закон и одредбите од член 291 и 292 од Деловникот на Собранието, односно не ги содржи причините поради кои треба да се донесе законот, основните начела врз кои треба да се заснова законот и образложение на законот кој е составен дел на текстот на законот.

Отворам претрес по повод иницијативата.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот Заклучок:

Собранието на Република Македонија утврди дека иницијативата на МААК - Конзервативна партија за собирање потписи на избирачи за поднесување Предлог за донесување на Закон за рамноправност во образованието е неуредна во смисла на член 3 од Законот за постапка за собирање потписи на избирачи за предлагање за донесување на Закон за распишување на референдум и за поднесување Предлог за пристапување кон измена на Уставот на Република Македонија и членовите 291 и 292 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

Овој заклучок да се достави до МААК - Конзервативна партија.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (58).

Дали има некој против? (1).

Дали некој се воздржува од гласање? (1).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Минуваме на 10-та точка - Предлог на програма за изменува-ње и дополнување на Програмата за изготвување и донесување просторен план на Република Македонија.

Предлогот на програмата и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор Томе Тромбев, министер за урбанизам, градежништво и екологија.

**ТОМЕ ТРОМБЕВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, Програмата за изработка на просторниот план на Република Македонија и неговото донесување, донесена е во март 1995 година, откога отпочнуваат и активностите за изработка на просторниот план на Република Македонија. Во целиот овој период донесени се неколку закони, уредби и правилници кои што на некој начин ја менуваат содржината на самата програма. Имено, една година подоцна, во јануари 199 6 година донесен е новиот Закон за просторно и урбанистичко планирање. Согласно тој закон се менуваат процедурите во изработката и донесувањето на просторниот план на Република Македонија, како и носителот на изработката на просторниот план, што од своја страна донесе и пореметување на динамиката на изработката на просторниот план.

Во ова мое кратко излагање, фактички допревме две причини за измени и дополнувања на Програмата за изработка и донесување на просторниот план. Првата е усогласување со законската регулатива, втората е усогласување со динамиката и трета, можеби и најважна е намалување на финансиските средства за изработка на просторниот план, што во некоја рака претставува и ја одржува насоката за рационално и економично користење на буџетските средства. Имено, со Програмата беа предвидени околу 7,5 милиони марки за изработка на просторниот план. Со измените и дополнувањата предлагаме сега тие средства да се намалат за околу 2 милиони марки, што претставува намалување од првичната вредност за околу 27%. За ваша информација, изработката на просторниот план, неговата нацрт - фаза е во крајна фаза. Имено, во крајот на месец јули се предвидува нацрт - фазата на просторниот план на Република Македонија да ја разгледува Владата на Република Македонија.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).
Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претерес.
Отворам претрес по текстот на Предлогот на програмата.
Законодавно - правната комисија поднесе амандмани на преамбулата и на точките 1, 2, 4, 6, 8 и 9, со кои се согласи претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на програмата.
Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на програмата.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на програмата и програмата ја ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (59).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Собранието ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за изготвување и донесување просторен план на Република Македонија.
Минуваме на 11-та точка - Предлог за избор на судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.
Предлогот за избор и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.
Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот за избор на судија на Основниот суд Скопје I - Скопје, го ставам на гласање.
Кој е за предлогот, молам да крене рака? (59).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Марјан Колишески е избран за судија на Основниот суд Скопје I - Скопје.
На господинот Марјан Колишески му го честитам изборот и му посакувам успех во работата.
Минуваме на 12-та точка - Предлог за разрешување на судија на Основниот суд во Кичево.
Предлогот за разрешување ви е доставен.
Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот за разрешување на судија на Основниот суд во Кичево го ставам на гласање.
Кој е за, молам да крене рака? (60).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Костадин Кизол е разрешен од функцијата судија на Основниот суд во Кичево, по негово барање, поради избор за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство во Кичево.
Минуваме на 13-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација - Завод за здравствена заштита - Кочани.
Предлогот на одлуката ви е поделен.
Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (58).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (4).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Завод за здравствена заштита - Кочани.
Минуваме на 14-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Свети Николе.
Предлогот на одлуката ви е доставен.
Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за предлогот на одлуката, молам да крене рака? (60).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (4).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Управниот одбор на Јавната здравствена организација Здравствен дом Свети Николе.
Минуваме на 15-та точка - Предлог на одлука за избор на членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување на индивидуален работоводен орган на Факултетот за туризам и угостителство - Охрид.
Предлогот на одлуката ви е поделен.
Отворам претрес. Молам, кој бара збор? (Никој).
Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и Предлогот на одлуката го ставам на гласање.
Кој е за Предлогот на одлуката, молам да крене рака? (65).
Дали има некој против? (Нема).
Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).
Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за избор на членови на Посебната комисија за изготвување предлог за именување на индивидуален работоводен орган на Факултетот за туризам и угостителство во Охрид.
Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Девеесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.
(Седницата заврши во 14,35 часот).
Молам, да се испита можноста дали можеме да обезбедиме неопходниот кворум за да можеме да го завршиме гласањето по оние три точки кои неколку пати ги одлагавме, поради немање на потребниот кворум.
Ги молам координаторите на пратеничките групи тоа да го сторат, бидејќи има информации дека во Собранието има над 80 пратеници.